БАРАЊЕ
ЗА ДОБИВАЊЕ Б- ДОЗВОЛА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ОПЕРАТИВЕН ПЛАН
ОД ДПТУ “ ПЕТРОС “ ДОО – КУМАНОВО

Април 2013 година

СОДРЖИНА:

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ 3

II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ 4

III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА 20

IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА 21

V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД 22

VI. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА 24

VII. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА 24

VIII. ЕМИСИИ ВО ПОЧВА 27

IX ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ 28

X. БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ 29

X.1 Бучава и Вибрации 29

X.2 Нејонизирачко зрачење 30

XI. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ 31

XII ОПЕРАТИВЕН ПЛАН 32

XIII СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ 37

XIV. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК СО АКТИВНОСТИТЕ 40

XV. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ 45

XVI. ИЗЈАВА 47

Прилози 48

I.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Име на правното лице кое врши дејност или активност[1]	Друштво за производство, трговија и услуги "ПЕТРОС" ДОО Куманово
Правен статус	ДОО-Друштво со ограничена одговорност
Сопственост на компанијата	Приватна
Сопственост на земјиштето	Под концесија 20 + 20 години
Адреса	*Седиште на компанијата* Ул Трајко Јовановски Кмет бр 34 Куманово *Седиште на инсталацијата за која се однесува апликацијата* С.. Орашац, Куманово
Матичен број на правното лице	5448956
ЕДБ	4017999138556
Шифра на основната дејност според НКД	**08.11** Вадење на декоративнен камен и камен за градежништво, варовник, суров гипс, креда и шкрилци.
Категорија на дејноста / активноста која е предмет на барањето[2]	Прилог 2 3.Индустрија на минерали 3.2 Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини доколку не се опфатени со Прилог 1 (Сл.Весник на РМ 89/05)
Број на вработени	4+ 3 надворешни соработници
Проектиран капацитет	20.000 $м^3$/варовник /годишно
Име и презиме на лицето надлежно за контакт и неговата функција	Гордан Георгиев - управител
Телефонски број за контакт	078 414 673

I.1 ВИД НА БАРАЊЕТО[3]

Нова дејност или активност	/
Постоечка дејност или активност	✓
Значителна измена на постоечката инсталација	/
Престанок со работа	/

I.2 ОРГАН НАДЛЕЖЕН ЗА ИЗДАВАЊЕ НА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

Име на органот	Градоначалник на општина Куманово
Адреса	Ул.,,11 ти Октомври бб,, 1300 Куманово
Телефон	031/425-127 031/420-451

[1] Како што е регистрирано во судот, важечка на денот на апликацијата

[2] Да се внесат шифрите на активности во инсталацијата според Анекс 1 од ИСКЗ уредбата (Сл.весник 89/05 од 21 октомври 2005). Доколку инсталацијата вклучува повеќе активности кои се предмет на ИСКЗ, треба да се означи

шифрата за секоја активност. Шифрите треба да бидат јасно одделени една од друга.

[3] Ова барање не се однесува на трансфер на дозволата на дозволата во случај на продажба на инсталацијата

II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

II.1. Опис на инсталацијата

Друштво за производство, трговија и услуги “ПЕТРОС“ ДОО, Куманово основано е 1998 год.

Во Прилог 1. дадена е Тековната состојба од централниот регистар на РМ.

ДПТУ ,,ПЕТРОС“ ДОО, Куманово врши ископ, дробење и сепарација на варовник во стандардни градежни фракции за потребите на градежната индустрија. Варовникот е високо квалитетната, минерална суровина, која освен во градежништвото може да се користи и во хемиската, цементната и прехрамбената индустрија. Површинскиот коп за експлоатација на варовник и сепарацијата за дробење и селекција на варовниот камен на одредени градежни фракции се наоѓаат во северниот дел на Реплика Македонија во непосредна близина на границата со Република Србија.

Локацијата е во атарот на с. Орашац, на одалеченост од околу 10 км југоисточно од Куманово.

Самата локација на површинскиот коп и сепарацијата за дробење на варовниот камен се наоѓаат на локалитетот ,,Црковни рид”, на десната страна од регионалниот пат Куманово – Св. Николе од каде наоѓалиштето е одалечено околу 2 км. Најблиско населено место е селото Орашац на оддалеченост од околу 1.000 метри воздушно од инсталацијата, а по него следи селото Скачковце кое е на оддалеченост од нешто повеќе од 2.000 м јужно од инсталацијата. Други населени места во околината се селски населби кои се на оддалеченост поголема од 3,5 км од локацијата на инсталацијата.

Поголема градска населба секако е градот Куманово на чија општинска територија припаѓа и самата локација на предметната инсталација.

Од морфолошко-хидрогеолошки аспект теренот на овој дел е испресечен со благи засечени потоци и јаруги и доста благи падини. Хидрографската мрежа во Кумановско ја сочинуваат средните и долните текови на Пчиња, Кумановска и Крива Река и некои помали водотеци кои целосно му припаѓаат на сливот на реката Пчиња. Пчиња е најголема и најважна река во Кумановско и е втора по должина лева притока на Вардар. Извира под врвот Бела Вода на планината Дукат (Србија), на надморска височина од 1.660 метри.

На неколку места во Кумановско се регистрирани појави на минерални води. Најпознати се изворите кај селото Проевце, а има извори во реонот на Липково, како и во други делови на Општината. При вршењето на истражни работи со дупчење, пронајдени се термоминерални води во околината на с. Старо Нагоричане. Најпознати и најискористени се изворите во нас. Проевце, или како што уште се нарекува Кумановска Бања. Поради разните состојки, водите од ови извори се означуваат како алкална-земјоалкална хипотерма, температура на водата изнесува од 28 до 31 степени, со што спаѓаат во групата на хипотермални води.

Тука вредни за споменување се и двете вештачки езера што се наоѓаат во близина Куманово, а тоа се Липковското езеро и езерото Глажња.

Макролокациската поставеност на инсталацијата прикажана е во прилог број 2. Микролокациската поставеност на лежиштето прикажана е во прилог број 3. Лежиштето ,,Црковни рид", с Орашац се наоѓа во рамките на Градиштанска планина- Кумановско, поточно во атарот на с. Орашац, на одалеченост од околу 10 км Југоисточно од градот Куманово. Треба да се напомене дека овој дел од планината е многу малку населен, имено има само две села со мал број на жители, а тоа се селата Орашац и Скачковце.

Во моментов на предметната локација, експлоатацијата на варовникот се врши на самата етажа според однапред изготвен рударскиот пројект.

Комуникациските врски на инсталацијата се мошнедобри, Во непосредна близина на инсталацијата околу 2 км минува Регионалниот пат П 210, Куманово-Св. Николе. До површинскиот коп и сепарацијата води тампониран пат кој е изграден исклучиво за потребите на инсталацијата и се протега по долината на Гробиштанскиот дол.

Граници на концесиски простор - карта приложена е во прилог број 4.

За нормална работа на Друштво за производство, трговија и услуги "ПЕТРОС" ДОО односно за експлоатација на копот претпријатието ги поседува следниве документи:

- Дозвола за експлоатација на минерална суровина од лежиштето на локалитетот "Црковен Рид" кај селото Орашац, Општина Куманово, бр. 1980/2 од 15.04.2009 год. е дадена во прилог бр. 5.
- Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина од лежиштето на локалитетот "Црковен Рид", кај селото Орашац, Општина Куманово, бр. 03-7/7 од 04.12.2007 год. за период од 20 години со можност за продолжување за уште еден период од 20 години, склучен со Владата на РМ, застапувана од надлежното министерство за економија е даден во прилог бр. 6.

Експлоатацијата на минералната суровина се врши според Главниот рударски проект за површинска експлоатација на мермеризиран варовник од наоѓалиштето "Црковен Рид" – с. Орашац, Кумановско, изработен во март 2008 год од страна на РИ-РУУДИНГ ДОО-Скопје.

Минералната суровина - варовникот од лежиштето на локалитетот "Црковен Рид" по откопувањето и товарењето со багер во камион-кипер се транспортира во сепарацијата која е лоцирана во непосредна близина на копот.

На сепарацијата се одвива процесот на дробење, мелење и сеење на варовникот и негово складирање на одлагалишта во кругот на инсталацијата, по фракции кои наоѓаат широка примена во градежништвото.

На слика 1 и 2 прикажани се дел од интерните сообраќајници низ локацијата на Инсталацијата.

Слика 1. интерните сообраќајници и површинскиот коп за експлоатација на минералната суровина – варовник. "Црковен Рид" с. Орашац

Слика 2. Сепарација "Црковен Рид", с. Орашац

II.1.1. Опис на површинскиот коп

Лежиштето “Црковен рид“ с. Орашац како и пошироката околина припаѓа на северно македонската тектонска единица, каде постои тангенцијална и радијална тектоника во која учествуваат геолошки единици од слабо мермеризиран варовник создаден во повеќе фази од каледонска, херцинакс, а и алпска орогенеза и повеќе пати оживуваните тектонски движења на Вардарската зона.

Самото лежиште “Црковен Рид“ се наоѓа на Градишка планина како дел од голема маса палеозојски, мезозојски, кенозојски и регионално метаморфисани варовници кои постепено движејќи се кон селото Орашец и Скачковце се претвораат во метаморфисани варовници. Теренот е благо наклонет кон северо запад со благи ували и суводолици.

Врз основа на детално истраженото дел од варовничката маса и утврдените резерви на инвеститорот му е доделена концесија за површина од сса 0,81 км^2. Слоевите се со правец на протегање североисток југоисток но со стрмни падови кон југозапад и североисток.

Слоевитоста и распуканоста на тектониката создаваат интензивно здробени маси од варовници кои се погодни за експлоатација кои не бараат големи експлоатациони трошоци. Површинската маса на варовниците е редовно испукана и допира до длабочина од 4 до 5 м, а со зголемување на длабочината компактноста на варовничките маси се зголемува со што се подобруваат техничките карактеристики.

Варовната маса е мономинерална калцијум карбонатна карпа, која е изградена од калцит. Има крупногранобластична-хетерогранобластичнаструктура, каде калцитот се јавува во неправилни-хетероалотриоморфни кристали, а околу нив на поедини места и поситни зрна на калцит.

Калциум карбонатот ($CaCO_3$) како основна и доминантрна материја во градбата на варовниците се добива со механичко распаѓање на карпите и минералите од површинските делови на земјината кора кој со апсорбираниот јаглероден двооксид (CO_2) од атмосферата во водената средина на површинските водотеци преминува во калциум хидроген карбонат ($Ca(HCO_3)_2$), а се разложува на јаглероден двооксид (CO_2), вода (H_2O) и калциум карбонат ($CaCO_3$) и притоа живите организми го користат за своите животни потреби. Со понатамошна седиментација на кластичните и другите марински седименти, со нивна дијагенеза и динамометаморфоза од палеозоикот до денес извршена е кристализација на калциум карбонатот ($CaCO_3$) и создадени се мермеризирани варовници како што е наоѓалиштето “Црковен Рид“ с. Орашац.

Од аспект на **хидрогеолошките карактеристики** на наоѓалиштето “Црковен Рид“ карактеристични се три литолошки средини со различни хидрогеолошки карактеристики, а тоа се: метаморфозирани песочници, мермеризирани варовници и алувијално - делувијални творби.

Локално најстарите метаморфисани песочници во подината на варовниците се каркатеризираат со средна и слабоводопропусност, освен во тектонски здробени зони каде има особини на добар колектор.

Мермеризираните варовници со својата тенко плочеста и тенко слоевита текстура, како и стрмниот пад на слоевите и честите распукнати тектонски форми, по кои е извршена и нивната делумна карстификација, претставува добар хидрогеолошки колектор-спроеводник.

Низ варовниците речиси вертикално потонува најголем дел од водите што на површината на лежиштето ќе паднат во вид на врнежи што е карактеристика на типичен карст.
Алувијално - делувијални творби се со променливи карактериситики во зависност од присуството на глиновитата фракција во нив. Со оглед на нивното место на стратигравски столб, малите површини што ги завземаат, како и нивното отстранувањепри експлоатација се смета дека тие немаат значајно влијание врз хидрогеолошкиот режим во лежиштето.
Врз основа на наведеното и врз основа на деталните геолошки истражувања во зоната предвидена за експлоатација не постои опасност од појава на подземни води во количини кои можат да ја загрозат натамошната експлоатацијата и луѓето што работат на површинскиот копот или пак да предизвикаат други негативни последици по животната средина.

Од **инженерско-геолошка гледна** точка се разгледуваат следните карактеристики:
- влијанието на масите во работна средина,
- стабилноста на завршните косини,
- тврдина и абразивност.

Мермеризираните варовници како предмет на експлоатација се карактеризираат со релативно голема цврстина на притисок.
Волумансаката маса кај овие варовници изнесува 2,7 gr/cm^3, специфичната маса е 2.8 gr/ cm^3, а порозноста изнесува 0,008.
Поради релативно малата тврдина варовникот лесно се дупчи и крши особено при површинските слоеви и слабо тектонските делови од стенската маса. Цврстината на притисокот и жилавоста на материјалот овозможуваат завршните косини да можат да бидат вертикални или субвертикални и тоа за подолг временски период, без појава на класични свлечишта, без оглед на зголемувањето на влажноста и височини од повеќе десетици метри.
Извесни отстапувања од оваа констатација може да се појави при лизгање на големи блокови од тектонски здробените зони или на блокови пукнати со расед или пукнатини блокови под влијание на мраз а во исклучителни услови при појава на голема количина на врнежи.
Парчињата од здробени варовници може да се сортираат во различна големина, при што се среќаваат прашинесто пескливи со големина на зрна до 1 мм, ситнозрни со големина на зрното 1-5 мм, средно здробени со големина на зрно 5-10 мм и крупно здробени парчиња со големина на зрно до 500 мм, додека здробени со големина на зрно од 50 мм, ретко се сретнуваат. Варовниците по боја обично се сиви, сиво-бели, бели а поретко со жолтеникава и црвенкаста боја.
Од погоре наведеното може да се констатира дека експлоатацијата на варовник се врши во сува состојба, и при експлоатацијата не се јавуваат проблеми со подземни води.
Во прилог број 4 дадена е картата со границите на експлоатационото поле “Црковен Рид“ с. Орашац за кое е доделена концесијата.
Динамиката на површинска експлоатација е во директна зависност од количините на експлоатационите резерви на минерална суровина во лежиштето и планираниот годишен капацитет на откопување на минералната суровина.
Алувијално - делувијалните творби се среќаваат во вид на раскривка и тоа во средишниот и југоиточниот дел од лежиштето и се претставени со различно гранулирана дробина од мермеризирани варовници слабо сврзана со подинска хумизирана глина.

Со своите геотехнички карактеристики и малата дебелина на наслагите, не представуваат голем проблем при отстранувањето на раскривката и истата можеда се користи како материјал за тампонирање.
За утврдување на геолошките рудни резерви на наоѓалиштето "Црковен Рид" с. Орашац" направена е пресметка за која се употребени податоци од извршени лабораториски анализи на земени примероци од наоѓалиштето, деталното геолошко картирање на површината на теренот. Притоа добиена е количина на вкупни геолошки резерви од околу 1.082.110 м^3 што обезбедува континуирана работа на рудникот и сепарацијата со проектирано годишно производство од околу 20.000 м^3/год повеќе од 54 години. За реализација на проектираниот годишен капацитет од 20.000 м^3/год. варовник, предвидени се 240 работни денови во текот на една календарска година и просечното дневно производство на површинскиот коп теоретски би изнесувало:
Qsm = Qgod/Nden = 20.000/240 = 83.3 м^3/ден.
Дневното па и годишното производство на сепариран варовник најмногу зависи од побарувачката на пазарот која во моментов е многу помала од проектираниот капацитет на инсталацијата кој изнесува околу **40 м^3/ден.**

II.1.2. Технолошки процес на површинскиот коп

Лежиштето на варовник "Црковен рид" с. Орашац спаѓа во групата на т.н. висинско-длабински тип на лежишта. Геометриската форма на површинскиот коп, со различна широчина на сите страни, овозможува планско откопување на минералната суровина спрема технолошки систем на површинска експлоатација на минералната суровина дефиниран во Главниот рударски проект, врз основа на физичко – механичките карактеристики на варовникот и неговата тектонска издробеност.
Моментално експлоатацијата на минералната суровина на површинскиот коп "Црковен рид" с. Орашац се одвива на етажата **Е – 510.**
Висината на етажите претставува еден од најважните параметри за оворање на лежиштето и дирекно влијае врз дефинирање на технолошките карактеристики на системот на површинска експлоатација.
Заради поголема сигурност, и врз база на искуството од досегашното работење на слични проекти се усвојува максимална висина на етажата да биде 12 м. Дефинираната висина од 12 односно од 10 метри за последната етажа преставува еден од најважните параметри кој директно влијае врз отварањето и експлоатацијата на копот.
Минималната **ширина** на етажната берма изнесува 4 метри.
Минималната ширина на етажната берма во завршната фаза на експлоатација на етажата, треба да обезбеди стабилност на завршната косина од површинскиот коп и задржување на евентуалните одрони од етажната косина. Стабилноста на завршната косина е во функција од физичко – механичките карактеристики на варовничкиот масив и завршните геометриски елементи на копот.
Работниот **агол** на копот е во зависност на висината на етажите и ширината на работни берми во определениот момент. При нормални услови на работа завршна косина на површинскиот коп изнесува 75^0.
Отварањето на лежиштето преставува почетна технолошка фаза за воведување на оптимален систем на површинска експлоатација. Со сукцесивното отварање на етажите од лежиштето се создава:
- функционална врска помеѓу лежиштето и останатите објекти на површинскиот коп и

- рационално откопување на минералната суровина кое се врши со поединечно отварање на сите експлоатациони етажи.

Почетната активност за отварање на експлоатационите етажи започнува по изработката на пристапен пат до проектираната точка за отварање на етажата.

Координатите на точките на отварање на експлоатационите етажи се дадени во следнава табела:

ЕТАЖА	ТОЧКА	КОРДИНАТИ		КОТА
		X	Y	Z
Е-510	Т-1	4.656.700,00	7.567.500,00	510
Е-502	Т-2	4.657.713,00	7.567.525,00	502
Е-494	Т-3	4.657.713,00	7.568.275,00	494
Е-486	Т-4	4.656.700,00	7.568.388,00	486

Технолошкиот систем за отворање на експлоатационите етажи се состои во изработка на засеци/усеци за отворање по изохипсата на експлоатационата етажа. По изработка на засек/усек за отворање (со ширина 4 м и должина 50 м) се создаваат потребните предуслви за формирање на почетен работен блок на етажата со димензии од сса 25х25 м, кој е во функција на создавање неопходни услови за работа.

На слика 3 прикажан е засек за отворање на експлоатационата етажа.



Слика 3. Засек за отворање на експлоатициона етажа со почетна работна ширина на етажата.

Конфигурацијата на теренот на лежиштето го диктира редоследот на отварање и експлоатацијата на минерална суровина, кој мора да се изведува од највисоката проектирана етажа Е – 510 сукцесивно спрема најниската основна етажа Е – 486.

По завршување на експлоатацијата на Е- 510 и приспособување на пристапните патишта може да се отпочне со отворање на етажата Е- 502 и тоа на две места со изработка на усеци односно формирање на платоа за товарање на материјал. Во план генерално фронтот на откопните работи ке се развива од југозапад спрема североисток, а откопувае на етажите ке се одвива од југоисток према северозапад и од северозапад према југоисток.

Етажите се откриваат и разработуваат по целата ширина, а материјалот се дупчи, минира и товара на плато на секоја етажа.

Откопување на минералната суровина се врши спрема дискунтинуирана технолошка шема која ги опфаќа следниве фази:

- Дупчење на коси мински дупнатини а=75° со рачна пнеуматска-лафетна дупчалка со дијаметар на круната од Ø=76 и Ø=89 мм;
- Минирање на минска серија од работниот блок;
-Товарење на материјалот со багер и транспорт на товарениот материјал од етажите до приемен бункер на дробилична постројка.
- Одложување на јаловината.

Во Главниот рударски проект, врз основа на геолошките карактеристики на лежиштето констатирано е дека над 97% од суровината ќе се применува примарно минирање (односно дупчечко минерски работи), а за сса 3% од масите, тврдите прослојци кои од кои се добиени парчиња со поголем дијаметар од 600 мм кои не може да се риперуваат ќе се примени секундарно минирање.
За изведување на дупчако-минерски работи на каменоломот “Црковен Рид“с. Орашац, ангажирана е надворешна фирма ДРГСУ “МАК ДРИЛ“ Кавадарци.
Прилог бр 7 Договор за изведување на дупчако-минерски работи.
Минирањето го изведува специјализирана минерска група од ангажирано претпријатие за минирање. При минирањето се користи нонел систем. Експлозивот кој се употребува за минирање е од типот на Амонит кој нема голема разорна моќ, вибрациите што ги создава се чувствуваат само во непосредна близина на копот. За набавката, транспортот и уништување на амбалажата од експлозивните средства се грижи минерската група. Минерската група достаува записник за употребената количина и видод на експлозив за кој се води евиденција во главната книга за експлозивни средства. Миниринариот материјал треба да одговара на потребната горна граница на крупност (ГГК) од 600 мм за дробење во примарната дробилка.
Фазата на минирање на варовникот започнува веднаш по изработката на засек за отварање на експлоатационата етажа, додека за почеток на фазата на дозирање односно нагрнување на материјалот со туркање потребно е да се формира почетна работна ширина на етажата со минимум 25х25 м неопходна за манипулација на мобилната механизација.
За да минирањето биде оптимално односно да се сруши потребната површина со добиени парчиња кои ќе бидат со дијаметар не поголем од 600 мм неопходно е да се дефинираат следниве параметри:
- растојание помеѓу дупнатините,
- линија на најмал отпор,
- растојание помеѓу редовите,
- нагиб на дупнатините,
- должина на дупнатините,
- дијаметар на дупнатините и експлозивното полнење,
- конструкција на минското полнење (вид на експлозив, и количина во дупнатината),
- зафатнина на соборена маса,
- специфична потрошувачка на експлозив и милисекунден интервал на успорување.

Елементите на работните блокови во системот на експлоатација се во функција од висината на етажата, физичко – механичките карактеристики на работната средина и од потребните параметри за постигнување оптимален експлоатационен капацитет.
Материјалот по извршениот процес на дупчење и минирање, се товари со помош на хидрауличен багер (види слика 4 и 5) во камион - кипер и се транспортира на Сепарацијата.

Слика 4. Багер за товарање на варовникот од копот “Црковен Рид“, с. Орашац



Слика 5. Камион кипер за транспорт на варовник

За откопување на минералната суровина во границите на површинскиот коп потребно е да се изврши сукцесивно отворање и подготовка на сите 4 експлоатациони етажи за да се обезбеди во секое време да можат да се во експлоатација две од нив како што е прикажано на слика 6.
Притоа проектирани се геометриските елементи на етажата за работениот агол a=75, додека висината на етажата е предвидена на h=12 м.



Слика 6. Работна косина на површинскиот коп

Површинскиот слој на јаловина како и евентуалните партии јаловина кои ќе се појават во текот на експлоатацијата, се издвојува тампонски материјал кој се употребува во градежништвото.
Со генераленио редослед на површинската експлоатација спрема Главниот рударски проект се овозможува динамизирање на рударските активности по план и длабочина, и безбедно откопување на минералната суровина.
Поради тектонските и геолошките карактеристики на лежиштето атмосверските води брзо се филтрираат во подлабоките делови. За заштита на копот од атмосверските води односно за сливното подрачје кое е карактеристично само за западната страна од копот со Главниот рударски проект предвидено е да се изработува заштитен - одводен канал.
Според Главниот рударски проект во ограниченио дел на лежиштето "Црковен Рид" с Орашац, количина на вкупни геолошки резерви изнесува околу 1.082.110 $м^3$ што обезбедува континуирана работа на рудникот и сепарацијата со проектирано годишно производство од околу 20.000 $м^3$/год повеќе од 54 години.
За реализација на проектираниот годишен капацитет од 20.000 $м^3$/год. варовник, предвидени се 240 работни денови во текот на една календарска година и просечното дневно производство на површинскиот коп теоретски би изнесувало:
Qsm = Qgod/Nden = 20.000/240 = 83.3 $м^3$/ден.
Дневното па и годишното производство на сепариран варовник најмногу зависи од побарувачката на пазарот која во моментов е многу помала од проектираниот капацитет на инсталацијата кој изнесува околу **40 $м^3$/ден.**
Со завршување на експлоатационите работи на површинскиот коп се добиваат релативно стрмни завршни косини и хоризонтална површина дното на копот на Е- 510. Со оглед на на фактот што површината се деградира неопходно е истата да се рекултивира. Со рекултивација на копот, нарушената природна средина се вклопува во еко-системот, се постигнуваат природни и визуелни ефекти. Процесот на рекултивација подетално е опишан во поглавјето XIV Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок со активностите.

II..2.1. Опис на сепарацијата

По експлоатацијата на површинскиот коп, варовникот се транспортира до сепарацијата која е во непосредна близина на копот.
Технолошкиот процес на дробење, класирање и сеење на експлоатираната минерална суровина се одвива во повеќе циклуси со помош на постројката за сепарација.
Во склоп на постројка за сепарација се користат следните типови на механизација:

- Приемен бункер од 45 м^3
- Утоваривач,
- Багер,
- Камион за транспорт на минералната суровина,
- Тракастите транспортери за транспорт на минералната суровина, јаловина и финалните фракции и
- Сеалка за фракции

Во склоп на втората постројка за сепарација која повремено се употребува се:
- бункерот од 15 м^3/час за дозирање на материјал во дробилката за секундарно дробење,
- дробилката за секундарно дробење на влезниот материјал со максимална големина на зрно од 100 мм и
- тракастите транспортери за транспорт на минералната суровина, јаловина и финалните градежни фракции.

Во моментов на предметната инсталација се генерираат следните градежни фракции: 0 – 4, 4–8, 8–16 и 16–22 мм.
На сепарацијата лоцирани се две згради изведени од цврста градба со следнава намена:
- канцеларија за административниот дел од работата со работно биро, остава и дел за исхрана на работниците;
- прирачен магацин за резервни делови и алати.

Покрај зградите на инсталацијата изведени се и следниве пропратни објекти:
- резервоар за вода за хигиенски потреби и,
- тампонирани локални патишта за движење на механизацијата.

Во блиска иднина се планира монтажа на колска вага.
Инфраструктурните објекти изградени се на западната страна на копот, покрај главниот пристапен пат до Сепарацијата.

Слика 7. магацин за резервни делови и алати

Слика 8. административниот дел

Во инсталацијата како погонско гориво за мобилната механизација (багерот и утоварната лопата) се користи дизел гориво кое се набавува по потреба со помош на бурења и директно се преточува во машините (багерот и утоварната лопата). Преточување на горивото од бурењата се врши со помош на дистрибутивен апарат за точење на горивото со кој се избегнува можноста да дојде до излевање на истото.
Како погонска енергија за опремата од Сепарацијата (дробилките, ситата, тракастите транспортери) се употребува електрична енергија. Снабдувањето на објектот со електрична енергија е од два сопствени агрегата од 20 KW и 150 KW, а во блиска иднина се планира приклучување на 10 Киловолтниот далековод кој поминува во непосредна близина на површинскиот коп. За таа цел во блиска иднина се предвидува инсталирање на трафостаница со моќност и тоа од 250 KW.
Снабдувањето со санитарно исправна вода за пиење и потребите на каменоломот се врши од природен извор кој е сопственост на МПЦ. Со пумпа и пластично црево водата се доведува до резервоарот кој е лоциран во дворното место.

II.2.1. Технолошки процес на сепарацијата

Технолошкиот процес на сепарацијата на минералната суровина започнува со самото пристигнување на истата во приемниот бунер со помош на камион кипер при што самиот процес се одвива по следниве фази:
- складирање на минералната суровина во приемен бункер,
- примарно дробење на материјалот,
- одвојување на јаловината, нејзин транспорт преку гумена транспортна трака и нејзино одлагање,
- транспорт на здробената минералната суровина до примарен млин,
- примарно мелење,
- одвојување на дел од сомлениот материјал за тампон (0-60мм), негов транспорт преку гумена трака и негово одлагање,
- одвојување на вториот дел на сомелениот материјал и транспорт со гумени траки до секундарен млин на дополнително мелење,
- секундарно мелење,
- транспорт на сомелениот материјал преку гумена трака до примарно сито,
- сепарирање на дел од варовникот на фракции,
- транспорт и одлагање на сепарираните фракции преку гумени транспортни траки,
- транспорт на дел од примарно сеење до секундарно сито,
- сепарирање на варовникот на фракции,
- транспорт и одлагање на сепарираните фракции преку гумени транспортни траки.
Минералната суровина, варовникот од површинскиот коп се товара со багер (види слика 4) во камион – кипер (види сл. 5) и директно се исипува во примениот бункер од заварена челична конструкција поставена на бетонска основа и со капацитет од сса 45 м^3

Слика 8. Приемен бункер за примарно дробење со челусна дробилка и сепаратор за јаловина

Слика 9. Секундарен млин 0-60 мм – нус продукт

Материјалот од приемниот бункер преку додавачот се дозира во примарно челусна дробилка кој е со отвор 1.100x900 мм. Капацитетот на челусната дробилка е 70 м^3/час и истиот се командува од управната команда.

Пред влез на материјалот во челусна дробилка се издвојува-сепарира јаловинскиот тампон со големина на зрната од 0-30 мм кој може да се употреби како основна подлога при изградба на патишта. Излезниот материјал од дробилката со големина на материјаот од 0–110 или 0–180 мм преку транспортна гумена трака со широчина од 800 мм се транспортира во примарен - ротационен млин. Од овој млин по потреба може да се двои дел од сомелениот материјал за тампон (0-60) додека остатокот од сомелениот материјал преку гумена транспортна лента со широчина од 600 мм оди во пред секундарен млин - чекичар каде преку инка-левак поминува под него и паѓа на трака и се носи до примарното сито од каде надмерот-надзрната се враќаат повторно во секундарниот млин – чекичар. Од секундарниот млин со транспортна гумена трака со широчина од 600 мм се носи до примарно сито каде се класира-сепарира на фракции 8-16, 16-22 мм. Потоа се транспортира и се одлага под траките, а подмерот-подзрната преку инка-левак паѓа во транспортна лента со широчина од 600 мм од каде се носи до секундарно сито и се класира-сепарира на фракции 0-4 и 4-8 мм.

Следи негов транспорт и одлагање под траките, како што е прикажано на слика 10, а понатаму финалните фракции од под траки се одлагаат на посебни одлагалишта лоцирани во непосредна близина се со цел да се овозможи непречен тек на процесот на работење.

Слика 10. Одлагалишта за финални фракции

Инсталираната линија со дробилката, млиновите и ситата се употребува за производство на фракциите од 0-4, 4-8 и 8-16, 16-22 мм и 0- 60 мм. Фракциите преку соодветен тракаст транспортер се транспортираат на одлагалиштата од каде може да се транспортираат со товарна лопата, прикажана на слика 11, во камион кипер даден на слика 6, на главото одлагалиште. Товарната лопата се од типот MICHIGEN со зафатнина на корпата од 2 м^3.

Слика 11. Товарна лопата

Во самата инсталација инсталирани се прскалки и на останатите делови од инсталацијата каде е можна продукција на поголема количина на прашина.
Откако ќе се изврши процесот на дробење и сепарирање на минералната суровина се создава залиха на готови производи – фракции од сепариран варовник за потребите на градежната индустрија.

III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Друштво за производство, трговија и услуги "ПЕТРОС" ДОО Куманово, е приватна компанија, со вкупно 4 вработени распореден на работните места прикажани во табелата што следи:

Опис на работно место
Управител
Ракувач на линија за сепарација
Ракувач со товарна лопата и багер
КВ Возач

За потребите на компанијата ангажирано е надворешно лице за извршување на книговодствени услуги. Исто така во зависност од потребите се ангажираат надворешни стручни лица за одржување на моторните возила, линијата за сепарација и минирање.
Организационата шема на работа - органограмот е даден во продолжение.
Организациона шема на управување во "ПЕТРОС" ДОО Куманово



За стручен надзор при изведување на рударски работи на површинскиот коп и минирање се ангажираат стручни лица од надворешни фирми.
За технолошкиот дел од работата, опремата, работните упатства, идентификација, контрола, мониторинг, превенција од хаварии и заштита и унапредување на животната средина одговорен е управителот.
Управителот се грижи за навремено одстранување на сите нарушувања како во работната, така и во животната средина преку:
- обука за безбедност и здравје при работа, оспособување на вработените за внимателна и безбедна работа со опремата и заштитните мерки при манипулација со истите како и безбедно ракување со суровините и другите материјали кои се применуваат во производствените процеси;
- навремена контрола и одржување на опремата во добра работна функција и примена на лична заштита и заштитни средства.

IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

Реф бр	**Материјал/ Супстанција**[1]	**CAS**[4] **Број**	**Категорија на опасност**[2]	**Моментално складирана количина** (тони)	**Годишна употреба** (тони)	Р и С фрази[3]
	Дизел гориво	64742-03-06	Запаливо класа 2 отров класа 1	/	15 000 l	**R45 S45,53**
	Вода	/	/	/	/	**/**
	Shell Rimula R6 – моторно масло	68649-42-3	Xi, N	10 l	30 l	**R 38,41,51/53, 52/53**
	Shell Tallus – моторно масло	/	/	15 l	150 l	**/**
	Slovenoil SAE 20W-50 – хидраулична маст	19210-06-1	Xi,N	15 l	150 l	**R 38-41, 51/53**
	Slovenoil VG 68 - хидраулична маст	/	/	/	100 l	**/**
	Slovenoil LIS 2 – маст за подмачкување	68411-46-1 1310-65-2	Xn,N	5 kg	100 kg	**R20/22,34,51/53**
	Резервни делови за механизација	/	/	/	/	**/**

1. Во случај каде материјалот вклучува одреден број на посебни и достапни опасни супстанции, дадете детали за секоја супстанција.
2. Закон за превоз на опасни материи (Сл. Лист на СФРЈ бр. 27/90, 45/90, Сл. Весник на РМ 12/93)
3. Според Анекс 2 од додатокот на упатството
4. Цхемицал Абстрацтс Сервице

- **Shell Rimula R6 –** моторно масло кое на собна температура е во течна состојба со слабо карбонски мирис. Потребо е внимателно да се ракува со него заради иритирачите состојби кои може да ги предизвика на кожата и очите. Истото може да се рециклира што е најпрепорачливо од производителот. Треба да се одложува во согласност со позитивните законски прописи.
- **Shell Tallus** - моторно масло кое на собна температура е во течна состојба со слабо карбонски мирис. Потребо е внимателно да се ракува со него заради иритирачите состојби кои може да ги предизвика на кожата и очите. Истото може да се рециклира што е најпрепорачливо од производителот. Треба да се одложува во согласност со позитивните законски прописи.
- **Slovenoil SAE 20W-50** – минерално масло со течна конзистенција со карактеристичен мирис на масло и кафена боја. Не е канцерогено ниту мутагено. Треба да се одложува во согласност со позитивните законски прописи.
- **Slovenoil VG 68** - минерално масло со течна конзистенција со карактеристичен мирис на масло и жолта боја. . Не е канцерогено ниту мутагено. Треба да се одложува во согласност со позитивните законски прописи
- **Slovenoil LIS 2 –** машинска маст со карактеристичен мирис и амбер боја. . Не е канцерогено ниту мутагено. Потребо е внимателно да се ракува со него заради иритирачите состојби кои може да ги предизвика на кожата и очите. Треба да се одложува во согласност со позитивните законски прописи.

V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД

Во текот на работата на Инсталацијата ќе се создава комунален комерцијален, неопасен и друг вид на опасен индустриски отпад.
Комуналниот комерцијален отпад главно вклучува отпад кој ќе го продуцираат вработените, Истиот се собира во пластични вреќи и се транспортита во Куманово каде се одложува во градските контејнери, кои се празнат од ЈКП за депонирање.
Неопасниот индустриски отпад главно вклучува отпад од пакување односно картонска и пластична амбалажа со која се постапува исто како и комуналниот отпад.
Како опасен отпад се јавува отпадот од кој се продуцира од одржување на подвижната механизација : отпадно масло, истрошени акумулатори, стари гуми и слично. Истите се чуваат во складишните простори во Инсталацијата се до продажба како секундарна суровина.
Мастите и маслата кои се користат за потребата на механизацијата се чуваат метални бурења и за истиот Операторот ќе склучи договор со овластено претпријатие за собирање на отпадни масла.
Дадените количини на отпад се врз база на производствениот проектот и истите неможе да се земат како точни.
Во текот на производството нема да има продуцирање на опасен отпад.

Реф. бр	Вид на отпад /материјал	Број од Европскиот каталог на отпад	Количина		Преработка/ одложување	Метод и локација на одложување
			Количина по месец тони	Годишна количина тони		
	Пакување од хартија и картон	15 01 01	/	/	Селекција ,Собирање и отстранување	Се одложува во контејнери .
	Пакување од пластика	15 01 02	/	/		
	Пакување од композитни материјали	15 01 05	/	/		
	Хартија и картон	20 01 01	/			
	Биоразградлив отпад од кујни и кантини	20 01 08	/	/		
	Измешан комунален отпад	20 03 01	/	/		
	Стари гуми	16 01 03	/		Селекција	Продажба на отпадни секундарни суровини
	Отпадни масла	13 02 06*	/	430 л	Собирање во метални буриња	Се складира на означено место на локацијата се до превземање од страна на овластено претпријатие
	Делови од механизација	16 01 99	/	Променливо	Селекција	Се чува се до продажба
	Отпадна гума од траки на сепарација	16 01 03	/	Променливо	Се реискористува за поправка на траки.Неупотреблив дел се чува до превземање од надворешна фирма	Се чува до до превземање од надворешна фирма заедно со отпадните гуми
	Акумулаторски батерии	16 06 01 16 06 02	/	Променливо	Се чува во магацински простор	Се чува се до превземање од овластена фирма.

Доколку количините на отпад ја надмината количина на неопасен отпад од 150 тони годишни и 200 килограми опасен отпад согласно Законот за управување со отпад (пречистен текст) (Службен весник на Република Македонија бр.09/11 и 51/11) член 21 став 1, Операторот ќе изготви Програма за управување со отпад и истата ќе ја доставува до Надлежниот орган до 31 Септември во тековната година.
Согласно пак со член 39 од истиот закон, Операторот ќе назначи стручно оспособено лице – Управител за оптад, кое ќе биде должно за изготвување, спроведување и унапредување на Програмата за управување со отпад.

VI. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА

Капацитет на котелот Производство на пареа: Термален влез:	кг/час MW	
Гориво за котелот Тип: јаглен/нафта/*ЛПГ)/гас/биомаса итн*. Максимален капацитет на согорување Содржина на сулфур:	кг/час %	
NOx	mg/Nm^3 при (0°Ц. 3% O_2(Течност или гас), 6% O_2(Цврсто гориво)	
Маскимален волумен на емисија	м^3/час	
Температура	^{o} C(min)	^{o} C(max)

Извор на емисија	Детали за емисијата				Намалување на загадувањето
Референца/бр. на оџак	Висина на оџак (m)	Супстанција/материјал	Масен проток mg/Nm^3	Проток на воздух Nm^3/час	Тип на филтер/циклон/скрубер

Периоди на работа	час/ден	Денови/годишно

Според упатството за подтготовка на образецот за барање Б интегрирана еколошка дозвола емисиите во атмосверата се категоризираат на :

- Точкасти емисии
- Фугитивни и потенцијални
- Емисии од котли

Емисии од котли во предметната инсталација не постојат.
За загревање на работните простории во зимскиот период вработените користат грејни тела на електрична енергија. Со оглед на фактото дека во зимскиот период градежните работи се сведени на минимум , работните дејствија во предемтната инсталација се сведени на минимум и активна е само чуварската служба.
Бидејќи технолочките активности се одвиваат на отворено и притоа инсталираната опреам е од типот на дробилки, сита и траки на електричен погон, како стационарен извор на емисија е системот за издувување на прашина при сепарирање на одреден тип на фракција. Друг извор на емисјиа се мобилните извори односно подвижната механизација кој асе употребува во инсталацијата : утоваривач, багер и камион. Од овој процес во атмосферата се ослободуваат: јаглероден диоксид, јаглероден моноксид, азотен диоксид, сулфур диоксид и др. При долготрајна експозиција на наведените токсични материи штетно влијаат на здравјето на човекот. Така чадот влијае на дишните органи и кожата,оловото на респираторниот и централниот нервен систем но и крвниот систем и коските. Азотните оксиди предизвикуваат асма, алергии, малигни заболувања.
Канцерогено дејство имаат и честичките кои се појавуваат при процесот на согорување на горивата. Употребата на еколошките горива кои се на пазарите на територијата на Република Македонија драстично допринесува на намалување на негативното влијание врз човекот и животната средина.
Во инсталацијата се појавува фугитивна емисија на прашина и тоа од копот и од сепарацијата.
Фугитивна емисија на прашина од работењето на инсталацијата се јавува при следниве процеси:

- При минирање на копот постои моментална краткотрајна појава на поголема количина на прашина;
- Товарење и транспорт на ископаниот материјал од копот до сепарацијата;
- При товарење на агрегат во камиони;
- Истовар на минералната суровина во приемниот бункер од дробилната постројка;
- Од работењето на сепарацијата (дробилките, вибрационите сита, транспортните ленти);
- Исипување на ситните фракции на отворени складишта и
- Товарење на сепарираниот материјал.

Според досегашните искуства и анализи на слични инсталации, може да се претпостави дека фугитивната емисија на минерална прашина се јавува во мала количина и според нејзините карактеристики, истата нема да влијае за да ја загрози животната средина.

Меѓутоа за да се сведе фугитивната емисијата на минерална прашина на занемарливо ниво Операторот на самите дробилки има инсталирано распрскувачи. Особено во делот каде се врши принудно издувување на прашината кај фракцијата 0-4 мм.
Друг извор на емисија може да се сметаат двтата генератора кои се користат за производство на електрична енергија. Двата работаат на нафта и се со јачина од едниот од 20kW производтел Раде Кончар а другиот со јачина од 150kW производител Green power. Во скоро време Операторот (има поднесено барање) ќе спроведе електрична енергија до самата инсталација , и генераторите ќе се користат само во услови на недостиг на електрична енергија.
За потребите за добивање на интегрирана еколошка дозвола Операторот ја ангажираше Централната лабораторија при Министерството за животна средина да изврши мерење на суспендираните честици со големина од 10 микрометри на 27.03.2013 година во амбиентниот воздух и за то изготви и лабораториски извештај бр.14-021/2013 (даден во прилог). Врз основа на добиените резултати копнстатирано е дека концентрацијата на прашината (суспендираните честици со големина од 10 микрометри) е во граничните вредности согласно Упатството кое е донесено од страна на МЖСПП врз основа на член 10 од Законот за квалитет на амбиентниот воздух и Уредбата за гранични вредности во амбиентмиот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргинио на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели член 1,21 и 8 Прилог 1 поглавје А точка 3 (службен весник на РМ бр.59/00 и 12/03).

VII. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА

Директно и индиректно загадување на подземните и површинските води нема да постои затоа што:

- На инсталацијата не се продуцира технолошка отпадна вода од работата на сепарацијата;
- Варовникот кој се користи за продукција на градежните фракции преставува природен ресурс со карактеристики на хидрогеолошки спроводник;
- Од хидрогеолошки аспект, лежиштето е сиромашно со подземни води, без појава на хидрогеолошки појави, извори.

Снабдувањето на објектот со вода за санитарни потреби и вода потребна за распркување е со водовод поврзан со природен извор кој е сопственост на црквата Св.Никола во село Орашец.
Во моментов во инсталацијата не постои полски тоалет ниту септичка јама. Во оперативниот план Операторот има предвидено активност за изградба на полско WC и септичка јама со водонепропусно дно. Истота така предвидува и поврзување на одводот од канцелариите со септичката јама. Предвидено е и склучување на договор со овластено претпријатие за чистење на истата. Потребата од вода за пиење вработените ја обезбедуваат со флаширана вода. Водата која се користи за дробилицата и за процесот на отпрачување е во мала количина и истата се врзува со агрегатот.

Параметар	**Резултати (mg/l)**				**Нормален аналитички опсег**	**Метода/техника на анализи**
	Датум	**Датум**	**Датум**	**Датум**		**Стандардна согласно законските прописи**

VIII. ЕМИСИИ ВО ПОЧВА

Со оглед на фактот дека во текот на работата на предметната Инсталација не се вршат земјоделски активности, активности во кои не се создава отпад кој несоодветно се одлага надвор од кругот и нема излевање на отпадна индустриска вода нема да има загадување на почвата ниту пак на подземните води.
Индиректно загадување на почвите не е можно поради тоа што:

- Прашината која се емитира при процесот на експлоатација на минералната суровина и од работата на дробиличната постројка е минерална. Оваа прашина нема да предизвика нарушување на квалитетот на почвите и промена на физичко-хемиските карактеристики и составот на почвата и нема да влијае негативно на почвените биоценози. Имено околната почва е во суштина од истиот материјал со слој од хумус и без обработливо земјоделско земјиште со висок квалитет;
- Преточувањето на горивото се врши со додаток инсталиран на самиот сад од кој по гравитациски пат, дизелот се преточува во резервоарите на механизацијата.
- Од инфраструктурните објекти од инсталацијата не се продуцира отпадна технолошка вода, се користи само вода за задоволување на санитарните потреби;
- Отпадот како гуми, акумулатори, делови од механизацијата се селектира и прописно чува се до продажба;

IX ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ

Идентитет на површината	
Вкупна површина (ha)	
Корисна површина (ha)	
Култура	
Побарувачка на фосфор (kg P/ha)	
Количество на мил расфрлено на самата фарма (m^3/ha)	
Проценето количество Фосфор во милта расфрленои на самата фарма (kg P/)	
Волумен што треба да се аплицира (m^3/ha)	
Аплициран фосфор (kg P/ha)	
Вкупно количество внесена мил(m^3)	

Во Инсталацијата не се одвиваат никакви земјоделски и фармерски активности.

X. БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

X.1 Бучава и Вибрации

Како извори на бучава од работењето во инсталацијата се јавуваат: постројката за дробење на варовникот, моторите од камионите, булдожерот и утоварната лопата и краткотрајна бучава се појавува при процесот на минирање.
Најголем извор на бучава од работењето на инсталацијата преставува процесот на минирање. Големо влијание врз интензитетот на бучава при изведување на оваа операција има интензитетот и распределбата на воздушните ударни и звучни бранови. Доколку овој процес се изведува неконтролирано и при неадекватни временски услови дополнителен проблем ќе преставува и вибрацијата на самото тло. Од пресудна важност за влијанието на бучавата по самата околина е оддалеченоста на населените места, во однос на површинскиот коп, геолошките услови и конфигурацијата на теренот.
Потенцијална опасност при минирање преставуваат и ударните воздушни бранови, чиј интензитет зависи од:
- применетата метода на минирање;
- начинот на минирање на минскотот поле, и
- количината на употребен експлозив.

Метеролошките услови имаат големо влијание врз интензитетот на бучава и воздушните удари. На воздушните удари влијаат правецот и брзината на ветерот, додека на ширењето на звукот влијаат брзината на ветерот и температурата, во функција од висината и конфигурацијата на теренот. Ако минирањето се изведува без ветер, чујноста и распределбата на звукот е во правец на ширење на воздушните бранови од минирањето. Кога фронтот на воздушни бранови е насочен спротивно од ветерот, тој ќе се свитка во форма на крива. Во зависност од интензитетот на воздушните бранови звукот може да се јави на сосема друго место. Фронтот на бранови во тој случај може да го прескокне целото подрачје и чујноста на звукот да биде од другата страна на копот. Ветерот делува на зголемување на интензитетот на звукот. Зголемувањето на интензитетот на звукот скоро секогаш е во правец на ветерот. Влијанието на ветерот врз интензитетот на бучава е најголемо во зимскиот период. За влијанието на бучавата врз животната средина од пресудна важност е местоположбата на самата инсталација. Со оглед на фактот што најблиското населено место се наоѓа на оддалеченост на околу 1000 метри од копот и процесот на минирањето се изведува многу ретко и прописно, емитираната бучава не нанесува поголема штета по непосредната околина и жителите. За потребите на добивање на оваа дозвола Операторот изврши мерења на вибрациите и бучвата во животната средина од страна на централната лабораторија при МЖСПП и за што е изготвен лабораториски извештај бр. 14-014/2013 на ден 13.03.2013 година (даден во Прилог 9).
Согласно измереното и извештајот констатирано е дека вибра циите на тлото во животната средина се во границите на пропишаното согласно стандардот ISO 8041. Интензитетот на бучавата е во границите на максимално дозволено ниво што е пак во согласност со Правилникот за гранични вредности на нивото на

бучава во животната средина (“Сл. весник на РМ“ бр. 147/08) и Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места (“Сл. весник на РМ“ бр.120/08), инсталацијата спаѓа во Подрачје од четврт степен.

Извор на емисија Референца	Извор/уред	Опрема Референца бр.	Интензитет на dB бучава на означена оддалеченост	Периоди на емисија (Број на часови препладне/попладне)

Референтни точки	Национален координатен систем	Нивоа на звучен притисок (dB)		
	(5N, 5E)	$L(A)_{eq}$	$L(A)_{10}$	$L(A)_{90}$
Граници на локацијата				
Локација : 1				
Локација : 2				
Локација : 3				
Локација : 4				
Осетливи локации				
Локација : 5				
Локација : 7				
Локација : 8				
Локација : 9				

X.2 Нејонизирачко зрачење

Во ваков вид производни погони не се познати извори на нејонизирачко зрачење кои негативно би влијаеле на животната средина.

XI. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

Во предметната инсталација, во текот на нејзиното работење не се очекува да има негативни влијание врз животната средина , и како видови на емисии кои можат да влијаат врз квалитетот на животната средина се детектирани следниве

- Емисии во воздух и тоа :
  - Суспеднирани материи (прашина)
- Бучава и вибрации

Иако не се очекува да има влијание врз животната средина од предметната инсталација на горенаведените медиуми, како рефертност во докажувањето, операторот ќе врши мониторинг на наведените медиуми.

XI.1 Предложен начин на мониторинг на квалитет на воздух

Параметар	Фрекфенција на мониторинг	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/техника
Прашина	Тековно	Согласно важечката законска регулатива која ја уредува оваа материја	

XI.2 Предложен начин на мониторинг на бучава и вибрации

Параметар	Фрекфенција на мониторинг	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/техника
Интензитет на бучава	1 годишно	Согласно важечката законска регулатива која ја уредува оваа материја	

Точките на мониторингот ќе се одредат при земање на анализите при што соодветно ќе бидат означени и ќе бидат лоцирани по националниот координатен систем.

XII ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

Активност бр. 1 **Изградба на септичка јама**

1. Опис **Изградба на септичка јама и канализационен вод до септичката јама . Со оваа активност отпадните води за одржување на лична хигиена на вработените че се канализира и нема да има загадување на почвата.**			
2. Предвидена дата на почеток на реализацијата **Јули 2013 година**			
3. Предвидена дата на завршување на активноста **30 Октомври 2013 година**			
4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата **Нема**			
5. Вредности на емисиите по реализација на активноста (Услови) **Нема**			
6. Влијание врз ефикасноста (Промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини) **Нема**			
7. Мониторинг			
Параметар	Медиум	Метода	Зачестеност
8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување)			
9. Вредност на инвестицијата : **18.000,00 денари**			

Активност бр. 2 **Изградба на бетонско корито**

1. Опис **Изградба на водонепропустно бетонско корито, за чување на буриња со отпадното моторно масло. Со оваа активност ќе се огради просторот за чување на отпадното моторно масло, и со тоа ќе се спречи можноста за излевање на истото и загадување на почвата.**			
2. Предвидена дата на почеток на реализацијата **Јуни 2013 година**			
3. Предвидена дата на завршување на активноста **30 Октомври 2013 година**			
4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата **Нема**			
5. Вредности на емисиите по реализација на активноста (Услови) **Нема**			
6. Влијание врз ефикасноста (Промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини) Нема			
7. Мониторинг			
Параметар	Медиум	Метода	Зачестеност
8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување)			
9. Вредност на инвестицијата: **18.000,00 денари**			

Активност бр. 3 **Склучување договори со овластени претпријатија**

1. Опис

Склучување договори со овластени претпијатија за :

- **Собирање на отпадно моторно масло**
- **Чистење на септичката јама**
- **Откупување на отпад од резервните делови од механизацијата (акумулатори , гуми, резервни делови)**

2. Предвидена дата на почеток на реализацијата

Веднаш

3. Предвидена дата на завршување на активноста

Зависно од понудата на пазарот

4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата

Нема

5. Вредности на емисиите по реализација на активноста (Услови)

Нема

6. Влијание врз ефикасноста (Промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини)

Нема

7. Мониторинг

Параметар	Медиум	Метода	Зачестеност

8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување)

9. Вредност на инвестицијата: **Нема финансиски импликации**

Активност бр. 4 **Доведување на електрична енергија дво инсталацијата**

1. Опис
Во инсталацијата нема довод на електрична енергија. Опратаорот планира да доведе електрична енергија во самата инсталација. Со оваа мерка ќе се намали потрочувачката на нафта која се користи како погонско гориво на двата генратора, а со тоа ќе исклучат емисиите во воздух кои се создаваат при нивна работа.

2. Предвидена дата на почеток на реализацијата
Веднаш

3. Предвидена дата на завршување на активноста
01 Април 2014 година

4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата
Ќе се намалат емисиите во воздух од работата на двата генератора. Неможе да се предивата количините наемисиите и за колку ќе се намалат од причина што истите не се мерливи.

5. Вредности на емисиите по реализација на активноста (Услови)

6. Влијание врз ефикасноста (Промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини)

7. Мониторинг

Параметар	Медиум	Метода	Зачестеност

8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување)

9. Вредност на инвестицијата : 1.800.000,00 денари

Активност бр. 5 **Изработка на план за заштита од пожари**.

1. Опис **Операторот ќе ангажира фирма која ќе израбти План за заштита од пожари и одржување на ПП апаратите.**			
2. Предвидена дата на почеток на реализацијата **Веднаш**			
3. Предвидена дата на завршување на активноста **30 Септември 2013 година**			
4. Вредност на емисиите до и за време на реализацијата **Нема**			
5. Вредности на емисиите по реализација на активноста (Услови) **Нема**			
6. Влијание врз ефикасноста (Промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини) **Нема**			
7. Мониторинг			
Параметар	Медиум	Метода	Зачестеност
8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување)			
9. Вредност на инвестицијата: **20.000,00 денари**			

Преглед на реализацијата на активностите од оперативниот план и финансирањето

Ред. бр.	**Активност**	**Финансирање по година**		
		Година 2013	**Година 2014**	**Вкупно**
1	**Изградба на септичка јама**	**18.000**		**18.000,00**
2	**Изградба на бетонско корито**	**18.000**		**18.000,00**
3	**Склучување договори со овластени претпријатија**			
4	**Доведување на електрична енергија дво инсталацијата**		**1.800.000**	**1.800.000,00**
5	**Изработка на план за заштита од пожари**	**20.000**		**20.000,00**
Вкупна инвестиција				**1.856.000,00 денари**

XIII СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ

При изградба на сите објекти водено е сметка од областа на сигурност, заштита и безбедност при работа и заштита на животната средина, при што се применети сите норми и приописи од областа на сигурност на градбите, заштита од пожар, заштита при работа како и максималн заштита на животната средина.
При градење на објектите, во зависност од нивната намена водено е сметка за материјалите при градба, за нивната цврстина, назапалливост отпорност на топлина итн.

- **Обезбедување на границите на инсталацијата од пристап на невработени лица.**

Инсталацијата е така уредена да овозможува непречено работење и безбедно изведување на сите работи од почеток па се до завршување на производниот процес.
Во самата инсталација инсталирани се :

- Телефонска централа поврзана со служба за безбедност
- Безбедносни светла

Во Инсталацијата ќе се монтираат безбедносни светла кои ќесе постават на главниот влез и на страничните излези.

- **Уредување и одржување на околината во инсталацијата**

Со цел да се овозможи непречен пристап на возилата и машините се користи постојаниот дворен простор и соодветните асфалтни патеки кои се одржуваат во функционална состојба.

- **Определување на место, простор, начин на разместување и складирање на суровини и готови производи**

Сите материјали и опрема која е потребна за процесот на производство односно за изведување на одредена работа ќе бидат поставени, складирани на определеното место така што ќе се овозможи лесен преглед и нивно несметано земање без опасност од уривање и причинување на било каква повреда а со тоа и штетни влијание врз животната средина.

- **Начин на обезбедување и обележување на опасни места**

Обезбедувањето на опасните места ќе се направи со тоа што ќе се постави табла со Натпис Забранет влез за невработени , а за вработените ќе се постави табла со предупредување за опасноста. Исто така ќе се постават табли со натпис за задолжително носење и користење на средства за лична заштита. Таблите за предупредување ќе се постават на видно место на сите места каде ќе постои можност за настанување на повреда.

- **Складирање и ракување со суровините, производите и отпадот**

Од описот на начинот на ракување, скалдирање на суровините, производите и отпадот во предходните поглавја ккао можни потенцијални (инцидентни) емисии можата да се појават следниве :

- Неправилно складирање на суровини и производи, и
- Несоодветно управување со отпадот

Како инцидент кој може да се појави се излевања и истите се од механички карактер и поврзани се со нарушувања на местата за складирање на суривините и машините. Доколку настанат вакви нарушувања, персоналот кој е вработен во инсталацијата ќе биде должен да ги превземе сите неопходни мерки за отстранување на ваквите инциденти. Истите ќе се однесуваат на тоа да вработениотќе биде должен веднаш да го извести раководството и веднаш да пристапи кон отстранување на ваквите излевања преку впивање на течностите со разни апсорбентски материјали или физичко отстранување (метење, употреба на впивателни крпи, гранули, дрвени струготини, песок и слични). Со ваквиот начин на изаштита од излевање нема да се предизвика загадување на животната средина.

- **Природни непогоди**

Доколку дојде до било каква природна непогода (катастрофа) порои, силни ветришта, земјотреси и сл. Тогаш , персоналот ведбаш ќе се еавкуира на места определени за таа намена, по што ќе следува заштита на објектите и оние делови на инсталацијата кои се потенцијални загадувачи на животната средина.

- **Укажување на прва помош во случај на повреда при работа**

Давање на прва помош на работниците во случај на повреда при работа ќе се врши на лице место, за чија цел ќе се користат средствата од сандачињата за прва помош кои ќе бидат поставени на видни и достапни места. Првата помош на повредниот ќе му ја дава лице ос службениот кадар или друго обучено лице за давање прва помош. Во колку попвредта е од поголем карактер и е потреба помош од стручни лица поврдста ќе се санира на лице место а птоа повредениот ќе се пренесе до најблиската здраствена установа. Сандачињата за прва помош ќе бидат поставени на видни и достапни места, а за потрошениот материјал ќе се води книга и ќе се надоплнува веднаш. Во случај на повреда непосредниот раководител е должен работникот да направи пријава за несреќен случај при работа веднаш по несреќата или во орк од 24 часа. Ако повредата е од потешка природа или се повредени повеќе работници, непосредниот раководител на објектот е должен веднаш или во рок од 24 часа, усно лили писмено да го извести трудовиот инспекто на таа подрачна единица за настанатата повреда при работа. Воедно ќе треба да го обезбеди местото на повредата се до доаѓање на увид на трудовиот инспектор.

- **Мерки и средства за заштита од пожар**

При полн капацитет за експлоатација и опременост за извршување на функцијата за која е наменет објектот следниве материјали се дефинирани како горливи: дрво (дрвени струготини, врати , ламинати, подови, мебел), текстил (мебел завеси, алишта и гардероба), хартија (картонска и книжна абалажа,

списи , книги и сл.), елетронски уреди (компјутери, копири, апарати, принтери и сл).
Како опасности за предизвикување на пожар за запалување на горенаведените запалливи материјали се :

- Невнимание : пушење, непрописно користење на уредите, опремата и инсталацијата,
- Недозволена употреба на отворен оган и алат што искри,
- Намерно запалување,
- Користење на уреди и инсталации кои можат да предизвикаат пожар или експлозија,
- Движење и престој на лица кои би можеле да предизвикаат пожар.

Според видот на запалливи материи кои ќе се наоѓаат во инсталацијата можни се пожари од следниве класи :

- Класа А – пожари на цврсти запалливи материи (дрво,текстил,хартија)
- Класа Е – пожари на уреди и инсталации кои се наоѓаат под електричен напон.

Безбедноста од опасностите од пожар за вршење на дејноста и присутните луѓе во просторот кои ја вршат таа дејност, се остварува со обезбедување на следните услови:

- Спречување на настанување пожар;
- Спречување на проширување на евентуално настанат пожар кон околниот простор;
- Обезбедување на сигурна евакуација на луѓето и материјалните добра;
- Овозможување на непречена интервенција во случај на пожар.Во интерес на безбедноста на луѓето што работат и престојуваат во просториите на овој објект, за нивна заштита од пожари и непречена евакуација превземени се следниве мерки за заштита од пожари:
- Објектот е изграден со примена на незапаливи градежни материјали кои имаат пожарна отпорност во времетраење од најмалку 2 часа исто така сите пожарни сектори од објектот се одвоени меѓусебно со пожарноотпорни градежно-конструктивни елементи;
- Во објектот ќе биде поставена главна разводна табла во која ќе се наоѓаат автоматски осигурачи за заштита на електричните проводници од електричната инсталација од куса врска.
- Објектот ќе биде заштитен со громобранска инсталација, како заштита од електирични празнења, со што ќе биде оневозможена можноста за настанување на пожар од гром;
- Во случај на пожар (или било каков инцидентен настан) патиштата за евакуација на луѓето од објектот ќе бидат кратки, јасни и слободни за

непречена евакуација на луѓето од објектот низ излезните врати, а оттаму надвор од објектот каде што е слободна безбедна зона;

- Поставеноста на објектот овозможува лесен и директен пристап за интервенција на противпожарни возила од пристапниот пат директно до локацијата на објектот. Внатре во самата парцела е овозможен слободен тек на движење долж целиот објект и празен простор за завртување на возилата;
- Во објектот ќе бидат поставени рачни апарати за почетно гасење пожар,
- Во влезните партии на објектот на видно место ќе има поставено натписи/предупреувања: "Забранета употреба на отворен оган и алати што искрат"; " Интервентен телефонски број на територијалната противпожарна единица е 193". Исто така на видно место ќе се постават упатства за тоа кои и какви активности ќе треба да преземе вработените во случај на пожар. По настанување на пожар и неговото откривање ќе се преземаат следните активности:
- Ќе се исклучува доводот на електрична енергија во објектот;
- Ќе се информира територијалната противпожарна единица за настанатиот пожар преку интервентниот телефон 193;
- Ќе се пристапува кон почетно гасење и локализација на пожарот со помош на рачните апарати за почетно гасење на пожар, противпожарните хидранти и други прирачни средства, ако тоа не претставува лична опасност по живот;
- Ќе се пристапува кон евакуација на луѓето и материјалните добра.

XIV. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК СО АКТИВНОСТИТЕ

Според содржината на формуларот на барањето за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола/Дозвола за усогласување со оперативен план , " ДПТУ Петрос " – Куманово, треба да достави информации за престанок со работа и управување со резидуи во случај на целосен престанок со работа. Планот за управување со резидуи ќе опише како локацијата ќе биде доведена во задоволителна состојба во случај на целосно прстанување со активноста. Истиот се базира на оценка на ризици, земајќи ги во предвид постојните услови на локацијата, историското загадување и ризиците кои произлегуваат од активноста од работниот век на инсталацијата.

Планот дава опис на :

- Целосна состојба на локацијата како спремна за повторна употреба.
- Контрола на преостанатиот материјал на локацијата

- Планираното расчистување и чистење на објектите и техничките постројки
- Опсегот на демолирање
- Управување со градежниот отпад односно отпадот од демолирање
- Ремедијација на контаминираната почва, и
- Одржување и преглед на планот во текот на оперативниот живот на инсталацијата.

Операторот нема планови ниту за делумно ниту за целосно престанување со работа во блиска иднина. Сепак, согласно обврските кои произлегуваат од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/05,81/05.54/07.159/08.80/09.48/10.124/10,51/11 и 123/12), односно барањето за издавање добивање Б-интегрирана еколошка дозвола/Дозвола за усогласување со оперативен план, операторот е обврзан да достави предлог мерки за контрола на влијанието на Инсталацијата по нејзин делумен или конечен престанок со работа.
Планот за престанок со работа и управување со резидуи ќе опфати:

- Делумен и времен престанок со работа,
- Дислокација на Инсталацијата, и
- Целосен престанок со работа.

При тоа ќе бидат опфатени следните работи:

- Суровини, помошни материјали,
- Цврст и течен отпад,
- Опрема и
- Помошните објекти и др.

ДЕЛУМЕН И ВРЕМЕН ПРЕСТАНОК СО РАБОТА И ПОВТОРНО АКТИВИРАЊЕ

Под делумен престанок со работа се подразбира престанување со работа на дел од активностите во Инсталацијата.
Под времен престанок на работа се подразбира престанување со работа во времетрање подолго од една година.
Престанување со работа на дел од активностите (делумен престанок со работа) во инсталацијата технички е изводливо , но реално гледано не постои причина за престанување со работа.
Во случај на делумен престанок со работа, опремата ќе биде отстранета и со неа ќе се постапува во зависност од нивната функционалност. Доколку опремата е сеуште функционална ќе биде преместена на друга соодветна локација за таа намена. Доколку е надвор од функција, во зависност од материјалот од кој е изработена ќе биде селектирана и продадена како секундарна сировина.

ЦЕЛОСЕН ИЛИ ДЕЛУМЕН ПРЕСТАНОК СО РАБОТА

Успешното дислоцирање и минимизирање на влијанијата врз животната средина во случај на престанок со работа би се одвивал во следниве фази :

- Дислокација на суровините и крајниот производ,

- Дислокација на процесната опрема
- Дислокација на објектите или нивна пренамена, и
- Повторно доведување на локацијата до состојба погодна за друга намена.

Под целосен престанок со работа се подразбира престанување со работа на целата Инсталација.
Во случај на целосен престанок со работа, објектите каде е сместена опремата ќе се испразнат и во зависност од функционаланоста на опремата истата или ќе се продаде за повторна употреба за иста намена или ќе се селектира и ќе се продаде како секундарна сировина. Исто така, сите материјали кои можат да се искористат, ќе се продадат за соодветната намена. Градежниот шут од објектите ќе се одложи на депонија за градежен шут или на локација одредена од локалната самоуправа.

ПЛАН ЗА ЦЕЛОСЕН ИЛИ ДЕЛУМЕН ПРЕСТАНОК СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ЗАТВАРАЊЕТО

Известување
Деведесет (90) дена пред предвидениот престанок со работа, Операторот ќе достави писмено известување за планираниот престанок заедно со ажурираниот План.
Контрола на влијанието на суровините, помошните материјали и производите
Со планот за целосен или делумен престанок со работа и грижа по затварањето се претпоставува дека периодот на затварање (делумен или целосен) би бил однапред познат. За таа цел, во случај на престанок со работа, менаџментот ќе направи преглед на суровините, помошните материјали и производи во објектот кои ќе престанат со работа. Прегледот ќе се направи со цел да се дефинираат складираните количини и ќе се направи план за нивно управување до затварање, се со цел тие да бидат минимизирани или целосно исцрпени.
Делумно затварање
Во случај на целосно затварање на објектите во Инсталацијата, овој План предвидува :

- Раководството да направи контрола на сите суровини, репро материјали или производи кои се користат во објектите кои ќе се затвараат, да направи нивна листа со расположливи количини и да даде налог за набавка на оние количини и материјали кои се неопходни за преостанатиот дел од рабоатат,
- Раководителот на службата за одржување ќе ги искалкулира и ќе направи листа на сите суровини и помошни материјали до денот на престанок со работа. Непотрошените сурови и помошни материјали кои можат да се искористат во производството ќе се употребат се до затварање на објектите, а доколку останат одредени количини истите ќе се складираат привремено во објектите кои ќе продолжат со работа се додека не се предадат на други компании кои понатаму со нив аќе постапуваат.
- Редовно ќе се ажурира лисатата на компании кои ќе можат да ги откупат останатите суровини.

Целосно затварање

Во случај на целосно затварање на објектите во Инсталацијата со овој План се предвидува :

- Раководството ќе направи преглед на сите суровини, репро материјали или производи кои се потребни за функционирање на објектите ќе направи нивна листа на расположливи количини и ќе издаде налог за набавка на оние количини кои се неопходни за преостанатиот период од работата на Инсталацијата,
- Раководителот на службата за одржување ќе искалкулира и ќе направи листа на останатите количини на суровини кои до денот на престанок со работа ќе треба да се употребата. Доколку остане одредена количина од некаков вид на суровина истата ќе се продаде или предаде на компанија која поната со нив ќе постапува на соодветен начин.
- Редовно ќе се ажурира листата на компании на кои ќе може да им се понудат сите заостанати (непотрошени) материјали,
- Редовно ќе се ажурира листата на компании на кои ќе може да ја откупат суровината и готовиот производ.

Контрола на влијанието на отпадот

Операторот ќе подготви Програма за управување со отпад согласно член 21, став 1 од Законот за управување со отпад - пречистен текст (Службен весник на Република Македонија бр.09/11 и 51/11) каде што ќе го предвиди начинот на постапување со сите видови на отпад созадени на локацијата на објектот или објектите кои ќе се затвараат (во зависност од тоа дали се работи за делумно или целосно затврање).

Цврстиот неопасен отпад по претходно известување и договор со Општината ќе се одложи на место определено од страна на Општината или ќе се депонира на најблиската депонија.

Со опасниот отпад (зависно од видот) ќе се постапува согласно видот на опасниот отпад и во зависност од договорот со Министерството за животна средина ќе се постапи на најсоодветен начин.

Планирано расчистување и чистење на градби и технички постројки

Опрема и возен парк

Доколку опремата и машинеријата се сеуште функционални ќе бидат преместени на соодветна ликација за таа намена. При делумно затварање, односно затварање на дел од инсталацијата, опремата која е функционална ќе се премести на дел од локацијата која работи и доколу истата е соодветна ќе се употребува на таа локација. Доколку истата не е соодветна, привремено ќе се складира се до нејзино предавање или продавање на друга компанија која ќе ја користи за своја намена.

Доколку опремата е надвор од функција во зависност од материјалот од кој е изработена ќе се селектира и продаде како секундарна суровина.

Со искористената електрична и елетронска опрема ќе се постапува во согласност Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.

Објекти

Објектите со кои располага Инсталацијата се изградени со неопходната инфраструктура специјално намената за основната дејност која ја обавува Операторот.

Градежниот отпад од цврстат градба би бил одложен на депонија за цврсти материјали. При дислоцирање на дел од материјалите кои може повторно да се искористат ќе бидат демонтирани и дислоцирани. Металната конструкција би била демонтирана и продадена како секундарна суровина.
Операторот ќе се погрижи отпадот што нема да се подаде, безбедно да биде одложен на депонија по претходна консултација со надлежниот орган.

Ремедијација на површинскиот коп

Ремедијацијата на површинскиот коп пожелно е да се извршува после затворање на секоја етажа од копот, со цел негово побрзо вклопување во непосредната околина. Со завршување на експлоатационите работи на површинскиот коп, теренот е делумно деградиран и затоа неопходно е да се изврши негово стабилизирање односно рекултивирање. Стрмните косини од површинскиот коп не може битно да се изменат со рекултивацијата, геолошката и педолошката подлога, како и морфологијата на теренот се доста неповолни за растенија кои би се засадиле за стабилизирање на косините и нивно озеленување. Меѓутоа ревегетација на хоризонталните површини од копот, и нивно вклопување во еко-системот, е можен и неопходен процес. Рекултивацијата на дното од копот (хоризонталниот дел) и етажните бедеми формирани со рударската експлоатација ќе се изврши по донесувањето и насипувањето на квалитетна земја врз голите површини. Врз основа на педолошката анализа на микролокалитетот, како и морфологијата на теренот се доаѓа до заклучок дека нема посебни погодности за користење на откопаното лежиште за земјоделски цели, бидејќи и непосредната околина на површинскиот коп не е обработлива. Поради овие причини рекултивацијата ќе се состои исклучиво од зазеленување и пошумување. Технологијата на рекултивација ги опфаќа следниве фази:

- планирање на хоризонталните површини (дното на копот и етажните бедеми);
- донесување и распростирање на хумусен слој со дебелина од цца 0,3 м;
- засадување на дното на копот и етажните берми со млади садници од црн бор, багрем и диви маслинки.

Изборот на културите кои се засадуваат е во зависност од pH вредноста на насипниот материјал. Рекултивацијата на површинскиот коп дава природни и визуелни ефекти кои се од големо значење за ова подрачје. Со рекултивација нарушената природна средина се вклопува во екосистемот, така што со ревегетација на пределот и животинскиот свет постепено ќе го насели нарушениот терен. Може да се заклучи дека со овој процес ќе се задржи и разнообразноста во отопографијата (релјефот) на теренот. Економското значење на земјиштето по овој зафат ќе биде како и порано, а дното на копот ќе преставува голема пошумена хоризонтална површина.

Одржливост и проверка на Планот

Во текот на оперативниот живот на Инсталацијата , Планот за целосен или делумен престанок со работа и грижа по затварањето ќе се преиспитува во зависност од потребите и измените кои ќе се направат н алокацијата како и со промена на законската регулатива. Планот ќе се ажурира со секој аизмена и со секое ново истражување за можно загадување, како и истражувања за можни ризици кои ќе произлезат од активноста на работат на Инсталацијата.
Доколку се утврди контаминација на површините ќе се превземат сите неопходни мерки кои прозлегуваат од Законот за управување со отпад (Службен весник на Република Македонија бр.09/11 и 51/11), Законот за животна

средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/05,81/05.54/07.159/08.80/09.48/10.124/10, 51/11 и 123/12) и со Правилниците кои ја уредуваат материјата за постапување со посебни видови на отпад.

XV. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ

Друштво за производство, трговија и услуги "ПЕТРОС" ДОО, Куманово основано е 1998 год.

"ПЕТРОС" ДОО, Куманово врши ископ, дробење и сепарација на варовник во стандардни градежни фракции за потребите на градежната индустрија. Варовникот - високо квалитетната, минерална суровина освен во градежништвото може да се користи и во хемиската, цементната и прехрамбената индустрија. Површинскиот коп за експлоатација на варовник и Сепарацијата за дробење и сепарација на варовниот камен на одредени градежни фракции се наоѓаат во северниот дел на Реплика Македонија во непосредна близина на границата со Република Србија.

Локацијата е во атарот на с. Орашац, на одалеченост од околу 10 км југоисточно од Куманово.

Самата локација на површинскиот коп и сепарацијата за дробење на варовниот камен се наоѓаат на локалитетот ,,Црковни рид", на десната страна од регионалниот пат Куманово – Св. Николе од каде наоѓалиштето е одалечено околу 2 км. Најблиско населено место е селото Орашац на оддалеченост од околу 1.000 метри воздушно од инсталацијата, а по него следи селото Скачковце кое е на оддалеченост од нешто повеќе од 2.000 м јужно од инсталацијата. Други населени места во околината се селски населби кои се на оддалеченост поголема од 3,5 км од локацијата на инсталацијата.

Експлоатацијата на минералната суровина се врши според Главниот рударски проект за површинска експлоатација на мермеризиран варовник од наоѓалиштето "Црковен Рид" – с. Орашац, Кумановско, изработен во март 2008 год од страна на РИ-РУУДИНГ ДОО-Скопје. Технолошкиот процес на сепарацијата на минералната суровина започнува со самото пристигнување на истата во приемниот бунер со помош на камион кипер при што самиот процес се одвива по следниве фази:

- складирање на минералната суровина во приемен бункер,
- примарно дробење на материјалот,
- одвојување на јаловината, нејзин транспорт преку гумена транспортна трака и нејзино одлагање,
- транспорт на здробената минералната суровина до примарен млин,
- примарно мелење,
- одвојување на дел од сомлениот материјал за тампон (0-60мм), негов транспорт преку гумена трака и негово одлагање,
- одвојување на вториот дел на сомелениот материјал и транспорт со гумени траки до секундарен млин на дополнително мелење,
- секундарно мелење,
- транспорт на сомелениот материјал преку гумена трака до примарно сито,
- сепарирање на дел од варовникот на фракции,
- транспорт и одлагање на сепарираните фракции преку гумени транспортни траки,
- транспорт на дел од примарно сеење до секундарно сито,

- сепарирање на варовникот на фракции,
- транспорт и одлагање на сепарираните фракции преку гумени транспортни траки.

Од еколошки аспект од самата инсталација како емисии кои влијаат на животната средина се :

- Емисии во атмосферата,
- Создавање на отпад, и
- Емисии од бучавата.

За нивно минимизирање, Операторот во текот на работата превзема соодветни мерки и во самата апликација има изготвено Оперативен план со кој ќе допринесе до нивно максимално минимизирање , а на некои од нив и целосно спречување.

XVI ИЗЈАВА

Со оваа изјава поднесувам барање за дозвола/ревидирана дозвола, во согласност со одредбите на Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 ,51/11 и 123/12) и регулативите направени за таа цел.

Потврдувам дека информациите дадени во ова барање се вистинити, точни и комплетни.

Немам никаква забелешка на одредбите од Министерството за животна средина и просторно планирање или на локалните власти за копирање на барањето или на негови делови за потребите на друго лице.

Потпишано од : _____ Датум **:**_____
(во името на организацијата)

Име на потписникот : _____

Позиција во организацијата :_____

Печат на компанијата:

Прилог 1

НАШ БРОЈ 0806-5658/1

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Регионална Регистрациона канцеларија Куманово
Дата 29.10.2012 год.

ДО
ДРАГАН ГЕОРГИЕВ

Врз основа на упишаните податоци во трговскиот регистар, доставени преку едношалтерскиот систем во Централниот регистар на РМ и пренесени во Единствениот трговски регистар, тековната состојба кај правното лице за кое барате информација, во моментот на изготвување на известувањето е следна

ЕМБС:	**5448956**
Целосен назив на Субјектот на Упис:	Друштво за производство трговија и услуги ПЕТРОС ДОО Куманово
Кратко име:	ПЕТРОС ДОО Куманово
Седиште:	Ул. ТРАЈКО ЈОВАНОВСКИ КМЕТ Бр.34 КУМАНОВО КУМАНОВО
Вид на субјект на упис:	ДОО
Датум на основање:	16.11.1998
Вид на сопственост:	Приватна сопственост
Единствен даночен број:	4017999138556
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.3 - друштво со ограничена одговорност
Надлежен регистар:	Трговски Регистар
Статус од Регистар на годишни сметки:	Активен

Основна главнина	
Непаричен влог MKD:	313.000,00
Вкупно основна главнина MKD:	313.000,00

Сопственици

ЕМБГ/ЕМБС:	2112956420032
Име:	**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ**
Адреса:	Ул. ДР.ИВАН РИБАР Бр.45 КУМАНОВО КУМАНОВО
Тип на сопственик:	Основач/сопственик / Основач
Непаричен влог MKD:	156.500,00
Вкупен влог MKD:	156.500,00
Вид на одговорност:	Не одговара

ЕМБГ/ЕМБС:	2807950420020
Име:	**СТОЈИЛ АПОСТОЛОВСКИ**
Адреса:	Ул. ТРАЈКО ЈОВАНОВСКИ-КМЕТ Бр.34 КУМАНОВО КУМАНОВО
Тип на сопственик:	Основач/сопственик / Основач
Непаричен влог MKD:	156.500,00
Вкупен влог MKD:	156.500,00
Вид на одговорност:	Не одговара

Дејности		
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	08.11	Вадење на декоративен камен и камен за градежништвото, варовник, суров гипс, креда и шкрилци
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС		
Евидентирани се дејности во надворешниот промет		
Други дејности:	Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет	

Овластувања	
Управител	
ЕМБГ/ЕМБС:	1801986420017
Име:	**ГОРДАН ГЕОРГИЕВ**
Адреса:	Ул. ДР.РИБАР Бр.45 КУМАНОВО КУМАНОВО
Овластувања:	Управител - занимање: гимназија
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет

Дополнителни Информации	
КОНТАКТ:	
E-mail:	petroskumanovo@yahoo.com

Референт,
Елена Серафимовска

Овластено лице,
Игор Божиновски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * РЕГИОНАЛНА ЕДИНИЦА - КУМАНОВО БРОЈ 1
МП

Прилог 2


E-75
M1
M2
E-871
202
101
Младо Нагоричане
Долно Којнаре
Опае
Режановце
Лопате
Бедиње
Куманово
Тромеѓа
Черкеско Село
Проевце
Љубодраг
Старо Нагоричане
Општина Куманово
Биљановце
Доброшане
Романовце
Брзак
Орашац
Скачковце
Алино Село
Пчиња

Прилог 3

Прилог 4



T	X	Y
1	7567500	4656700
2	7567525	4657713
3	7568275	4657713
4	7568388	4656700

P = 0,81 km2

Прилог 5

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Бр.24- 1980/2
5.04 2009 год.
Скопје

Врз основа на член 205 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр.38/05и 110/08) и член 41 од Законот за минерални суровини ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 24/07 и 88/08), а разгледувајќи го барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина – мермер од наоѓалиштето "Црковни Рид" с.Орашец, општина Куманово поднесено од ДПТУ "ПЕТРОС" ДОО Куманово број 24-2891/1 од 28.03.2008 година, Министерот за економија ја издава следната:

ДОЗВОЛА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

1. На ДПТУ "ПЕТРОС" ДОО Куманово му се дозволува експлоатација на минералната суровина-мермер од наоѓалиштето "Црковни Рид" с.Орашец, општина Куманово

2. Концесискиот простор е определен согласно Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер од наоѓалиштето "Црковни Рид" с.Орашец, општина Куманово склучен помеѓу Владата на Република Македонија и ДПТУ "ПЕТРОС" ДОО Куманово, бр. 24-9692/1 од 21.11.2007 година, кој изнесува P= 0,81 км^2 ограничено со кординатни точки меѓу себе поврзани со прави линии, нанесени и вцртани на топографска карта во мерка M=1:25.000 во Гаус-Кригерова проекција.

3. Експлоатацијата на минералната суровина од точка 1 од оваа дозвола ќе се врши на определен простор дефиниран со главниот рударски проект кој е составен дел на оваа дозвола, определен со координатни точки меѓу себе поврзани со прави линии, нанесени и вцртани на топографската карта во мерка M=1:25.000 во Гаус – Кригерова проекција на површина од 0,04 км^2 и тоа:

Точки	Кординати X	Кординати Y
T-1	4.656.798,00	7.567.608,00
T-2	4.656.800,00	7.567.780,00
T-3	4.656.958,00	7.567.812,00
T-4	4.657.008,00	7.567.623,00
T-5	4.656.934,00	7.567.562,00

4. Експлоатацијата на минералната суровина од точка 1 од оваа дозвола, ќе се врши на површина од точка 3 од оваа дозвола и тоа на КП бр. 3077 на КО Орашец по Имотен лист бр. 36.

5. Начинот и условите на експлоатација на минералната суровина-мермер предмет на оваа дозвола, како и количините на истата ќе се врши согласно главниот рударски проект кој е составен дел на оваа дозвола, како и врз основа на законот и останатата приложена техничка документација односно елаборатот за оценка на влијанието врз животната средина, водостопанската и сообраќајна согласност, Договорот за концесија за експлоатација бр. 24-9692/1 од 21.11.2007 година и останатите стандарди и технички нормативи.

6. Објектите треба да бидат изградени според техничката документација, а доколку во текот на изградбата се наложи потреба од измени и дополнување на техничкото решение од водостопански аспект, за истите мора да се бара повторна согласност од Управата за водостопанство.
   Доколку при изградба на објектите, се зафатат или оштетат постојни водостопанските објекти инвеститорот е должен на своја сметка да ги доведе во првобитна, функционална состојба.
   Водите кои се испуштаат од зафаќање, површинско и подземно, во реципинтот и останати канали за одводнување, мора да бидат третирани и да ги имаат најмалку карактеристиките на ревипиентот на местото на успуштање.
   По изградба на објектите и извршениот технички преглед, инвеститорот да поднесе барање за издавање на водостопанска дозвола за употреба од Управа за водостопанство.

7. Сообраќајно решение за утврдување на трајна измена на режим на сообраќај на регионалниот пат Р-210, делница: Куманово-Свети Николе поради приклучок на локален пат-влез и излез до концесионото поле локалитет „Црковни Рид„ с. Орашец, општина Куманово издадено од Министерство за транспорт и врски број 10-уп-662/5 од 05.11.2008 година.

8. Концесионерот при изведување на рударските работи за експлоатација е должен да врши рударски мерења и да поседува рударски планови, да ги спроведува мерките за заштита при работа, навремено да превземе мерки за безбедност на граѓаните, нивниот имот, сообраќајот и соседните објекти.

9. Концесионерот е должен да води евиденција на произведените количини на минерални суровини во пишана форма.

10. Концесионерот односно субјектот од точка 1 од оваа дозвола е должен еднаш годишно во периодот од 15 ноември до 15 декември во текот на тековната година да изврши геодетско снимање и да изготви геодетски елаборат со пресметка на откопаната количина на минералната суровина, во кој прецизно ќе се дефинираат количините на откопаната количина на минерална суровина и периодот во кој тоа е извршено, а најкасно до 31 декември во тековната година. Геодетскиот елаборат да го достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

11. Рекултивација на земјиштето на кое се врши или вршела експлоатацијата на минералната суровина, концесинерот односно субјектот од точка 1 од оваа дозвола е должен да ја изврши на начин и под услови определени со документацијата од точка 5 од оваа дозвола и да спроведува на своја сметка мерки за заштита на животната средина и природата и културното наследство.

Образложение

ДПТУ "ПЕТРОС" ДОО Куманово, до Министерството за економија поднесе барање за издавање на Дозвола за експлоатација на минерална суровина - мермер од наоѓалиштето "Црковни Рид" с. Орашец, општина Куманово бр. 24-2891/1 од 28.03.2008 година, при што ја приложи следната документација:

1. Договорот за концесија за експлоатација на минералната-мермер од наоѓалиштето "Црковни Рид" с. Орашец, општина Куманово бр. 24-9692/1 од 21.11.2007 година.
2. Главен рударски проект за експлоатација на минералната суровина, изработен од РИ РУДИНГ ДОО Скопје предмет на концесијата заедно со ревизијата (стучна оцена) на истиот изработен од „Влминг„ Мирослав ДООЕЛ Скопје.

3. Доказ за решени имотно правни односи во делот во делот на земјиштето каде што ќе се вши експлоатација на минералната суровина, предмет на концесијата и тоа на КП бр. 3077, КО Орашец по Имотен лист бр. 36.
4. Решение за оценка на влијанието врз животната средина, издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање бр. 11-1136/1 од 05.02.2009 година.
4. Водостопанска согласност, издадена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (Управа за водостопанство), бр. 12-5124/2 од 05.05.2008 година.
5. Решение за утврдување на трајна измена на режим на сообраќај, издадено од Министерство за транспорт и врски бр. 10-уп-662/5 од 05.11.2008 година.

По приемот на барањето, Министерството за економија ја разгледа и изврши увид во доставената документација. Притоа се утврди дека барателот е имател на концесија за експлоатација за што и е склучен Договор за концесија за експлоатација на минерални суровини-мермер помеѓу Владата на Република Македонија и ДПТУ "ПЕТРОС" ДОО Куманово бр. 24-9692/1 од 21.11.2007 година. Воедно се констатира и дека барањето за издавање на дозвола за експлоатација заедно со приложената документација е изработена согласно законот и прописите донесени врз основа на истиот.
Со оглед нагоренаведеното, а по спроведување на со закон утврдените дејствија се констатира дека се исполнети условите за издавање на оваа дозвола за експлоатација и затоа се одлучи како во диспозитивот.

Поука: Против оваа Дозвола може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на управни работи од втор степен од областа на економијата и финансиите при Владата на Република Македонија во рок од 15 дена, сметано од денот на приемот на оваа Дозвола.

Административната такса во износ од 600 денари е наплатена согласно со Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/2001, 24/2003, 19/2004, 61/2004 и 95/2005).

МИНИСТЕР
Фатмир Бесими

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

Прилог 6

Друштво за производство, трговија и услуги
ПЕТРОС ДОО
Бр. 03-7/7
04/12 2007 год
КУМАНОВО

Зд-8682/
21.11.7

Врз основа на член 79 став 2 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/07)

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Вера Рафаљовска (во натамошниот текст: концедент)
и
2. ДПТУ "ПЕТРОС" ДОО Куманово
застапувано од лицето, Гордан Георгиев
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден _____ 2007 година во Скопје, склучија:

Договор за концесија за експлоатација на минералната суровина - мермер на локалитетот "Црковни Рид" с.Орашац, општина Куманово

Член 1

Со овој Договор се врши усогласување на договорот за концесија за експлотација на минералната суровина - мермер на локалитетот "Црковни Рид" с.Орашац, општина Куманово бр. 12 – 871/3 од 06.05.2003 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и "ПЕТРОС" ДООЕЛ увоз-извоз Куманово со Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/07).

Член 2

Со овој договор се уредуваат начинот и условите под кои се дава концесијата за експлоатација на минералната суровина - мермер на локалитетот "Црковни Рид" с.Орашац, општина Куманово, висината и начинот на плаќањето на надоместокот за добиената концесија, како и други права и обврски кои произлегуваат за концедентот и концесионерот.

Концесијата од став 1 на овој член ќе важи до истекот на периодот за кој е доделена концесијата, а заклучно со 06.05.2023 година, со можност за продолжување за уште еден период од 20 години.

Барањето за продолжување на концесијата, предмет на овој договор, концесионерот е должен да го поднесе најмалку две години пред истекот на периодот за кој е доделена концесијата.

Продолжувањето на концесијата, предмет на овој договор се врши со посебна одлука на концедентот, за што концедентот и концесионерот ќе склучат анекс на овој договор.

1

Член 3

Просторот на кој е доделена концесијата односно експлоатационото поле од член 2 на овој договор се наоѓа на локалитетот "Црковни Рид" с.Орашац, општина Куманово, и го зафаќа просторот ограничен со точки, дефинирани со координати, точките меѓусебно поврзани со прави линии како што се дадени на топографската карта приклучена кон овој договор, и тоа:

Точка	Координата X	Координата Y
Т-1	4.656.700,00	7.567.500,00
Т-2	4.657.713,00	7.567.525,00
Т-3	4.657.713,00	7.568.275,00
Т-4	4.656.700,00	7.568.388,00

(2) Површината на експлоатационото поле од став 1 од овој член изнесува P= 0,81 км^2 /квадратни километри/.

(3) Концесионерот е должен да ги исколчи границите на експлоатационото поле од член 2 од овој договор.

(4) Составен дел на овој договор е приклучената топографска карта во мерка М = 1: 25 000 во Гаус-Кригерова проекција, на која се нацртани границите на концесискиот простор односно експлоатационото поле со соодветни точки поврзани меѓусебно со прави линии, а одредени со координати.

Член 4

Заради експлоатација на минералната суровина - предмет на овој договор, концесионерот е должен да го реши прашањето на користење на земјиштето на кое ќе се врши експлоатација на минералните суровини и минералната технологија.

Земјиштетото на кое се врши или вршела експлотацијата на минерални суровини, концесионерот е должен да го врати во корисна состојба или да изврши рекултивација на истото, согласно важечките закони од областа на минералните суровини и заштитата на животната средина.

Член 5

Концесионерот се обврзува сам да ги обезбеди пристапните патишта до земјиштето на кое ќе се врши експлоатација на минералните суровини и минералната технологија кое се наоѓа во просторот на кој е доделена концесијата односно експлоатационото поле.

